## ГОРАН РАДОСАВЉЕВИЌ



(1969 - Белград, Србија)

*Објавено: Леб и цигари (2011)*
*Добитник на наградата*
*„Златна кацига“ (2011)*

Уредник е на интернет сајтот
„Лига на духовити“
Претставен во неколку антологии
на Балканот. Живее и работи во Белград.

Каква светлост, каков неутрино. Кај нас темнината е најбрза.

Ова каде што одиме, не води никаде.
Ама барем долго ќе трае.

Ги пуштивме гулабите на мирот. Барем тие нека се спасат.

Власта не го промени. Остана свиња каква што си беше.

Не обработуваме суровини. Суровините нè обработуваат нас.

Мајмунот на највисоката гранка никогаш
пред себе не поставува повисока цел.

## ВЛАДИЦА МИЛЕНКОВИЌ



(1973 - Параќин, Србија)

*Објавено: Критична маса (2005)*
*Досие Феникс (2010)*

Уредник на интернет сајтовите „Сатир“,
„Сатир Арт“ и „Жикисон Блог“
Претставен во неколку антологии на Балканот.
Наградуван и пофалуван на повеќе фестивали.
Живее и работи во Параќин (Србија)

Полека пропаѓаме. Зошто да брзаме!

Го прескокнав ручекот. Зедов залет уште од појадокот.

Пронајдени се дупки во законот.
Сега во нив бутка кој што стигне.

Конечно не огреа сонцето.
Останавме без покрив над главата.

Би го дал животот за мојата татковина.
Ама под услов да добијам гаранции
дека во неа ќе можам убаво да живеам.

Карикатури: Мирослав Георгиевски - Миро





## ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО КРСТОПАТ МЕЃУ ИСТОК И ЗАПАД

Општина Делчево се наоѓа на источната граница на Република Македонија на 165 км оддалеченост од Скопје, 40 км од Благоевград и 140 км од Софија во Република Бугарија. Распослана на 423 км2, општина Делчево има 17505 жители со вкупно 22 населени места. Територијата на општина Делчево сместена долж главната напоредничка врска меѓу реките Вардар и Струма како и во средина на меридијанско најкусото поврзување на Осоговијата преку Малешевијата се до Струмичката котлина, претставува важен крстопат меѓу истокот и западот во центарот на Балканскиот полуостров. Општина Делчево поседува голем потенцијал за започнување и развој на бизнис со можности за развој на повеќе видови на туризам. Планината Голак чија што висина достигнува 1536 мНв, со нејзината околина и реката Брегалница претставуваат еколошки чиста средина со изобилство на разновиден животински и растителен свет. Токму затоа овој дел од Пијанец од дамнина претставувал средиште на значајни општествено-историски настани, за што сведочи богатството на археолошки пронајдоци и живо културно наследство кое се пренесува од колено на колено до ден денес. Тука започнало Разловечкото востание, тука живееле и работеле Гоце Делчев, Дедо Иљо Малешевски, Поп Стојан, Димитар Поп Георгиев Беровски, тука поминувал Февруарскиот поход, тука е роден Љубомир Белогаски и многу други значајни историски личности кои оставиле белег во македонската историја. Игрите, песните и традицијата овде се живеат и доживуваат, не се раскажуваат.

**ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

*Контакт детали: Општина Делчево*
Ул. Светозар Марковиќ бр. 1, 2320 Делчево, Република Македонија
Тел/факс: 00 389 33 411 550
e-mail: opde@sonet.com.mk
web site: www.delcevo.gov.mk

# 1 •ИНТЕРНАЦИОНАЛНА ВЕЧЕР•НА• •ХУМОР И САТИРА•ДЕЛЧЕВО–2012•



## •П•Р•О•Г•Р•А•М•А

**07.09.2012 (петок)•**

- Отворање на Интернационална вечер на хумор и сатира Делчево 2012
- Претставување на девет автори од Р. Македонија, Р. Србија и Р. Бугарија
- Промоција на збирка афоризми АФОТЕКА, издание на Артиа Куа, Белград
- Промоција на Антологија на балкански афоризам во издание на МАКФОРМ, Скопје

• 18:15-19:15 • Голема сала во Спомен дом АСНОМ •

## МИЛЕ ЃОРЃИЈОСКИ



(1957 - Кичево, Македонија)

Објавено: „Пет до дванаесет“, „Откоси“, „Тоа е тоа“, „Строго недоверливо“, „Нешто друго“, „Низ иглени уши“, „Некоректен мртовец“, „Нешто мрда“, „Ах тие бројки“ (радио драма), „Повеќепартиска кафеана“(кабаре), „Трета светска војна“ (кабаре)
Добитник е на голем број награди во Македонија и странство.

Ние никогаш нема да бидеме
најголема нудистичка плажа во светот. Немаме излез на море.

И мртвите гласаа. Ама тоа не може да се докаже
затоа што мртвите не зборуваат.

Нема веќе човекојадци. Сите поминаа на здрава храна.

За сè се криви мајмуните.
Не употребувале контрацептивни средства.

Нашите политичари не стојат зад организираниот криминал.
Тие не сакаат да бидат во втор план.

Не сум ни за Антички Македонци. Ни за Стари Словени.
Јас сум за нешто помладо.

Ние нема да му платиме на попот.
Нас ќе не погребаат политичарите.

Балканот е пренаселен.
Толку многу големи народи на така мал простор.

## МИРОСЛАВ БОШКОВ



(1947 - Плевен, Бугарија)

Добитник на многубројни награди
во Бугарија и странство.
Редовен учесник на фестивалот
во Струмица.

Совеста му е како заспан вулкан.
Се буди еднаш на сто години.

Каде сте народни будители. Народот ви е заспан.

Никој не пушта вода в пустина.

Патот кон славата е трнлив, не е за боси.

Кога брачната двојка ќе загори замирисува на секс.

## ДИМИТАР АТАНАСОВ



(1949 - Бугарија,)

За да се оди во вистинската насока
пречи партиското знаме.

Ако не беше ветерот,
кој ќе му ја симнеше капата.

И борците за слобода се распоредени во категории.

Секој кој мисли како мене е во право.

## АТАНАС КРЛЕВСКИ



(1956 - Ташкент, Грузија)

Објавено: Крлевизми (2009)
Окрлавени мисли (2011)

Ако успешните жени имаат машки карактер,
тогаш зошто сите мажи не се успешни?

Книгата е најголемото богаство!
Затоа позајмените книги ретко кој ги враќа.

Време е да влеземе во ЕУ. Можеби набргу нема да постои?

Во нашава средина често го гледам тоа
што не можам да го замислам.

Се најдов во небрано лозје. Го обрав бостанот!

## ВАСИЛ ТОЛЕВСКИ



(1956 - Будимпешта, Унгарија)

Објавено повеќе од 15 книги
од областа на хуморот и сатирата.
Добитник е на голем број награди
во Македонија и странство.
Претседател на Здружението
на хумористи и сатиричари „Остенови„.

Повеќе ја сакам владата отколку жената!
Владата поредовно ме секса.

Мојата влада не може да пее македонски песни!
Пола влада не знае македонски.

Наш политичар пропадна во септичка јама.
Околината го прифати како свој најблизок.

И ние Македонците имаме душа. Моментално ни е во носот.

Немојте да ме сметате во сточен фонд. Јас само така живеам.

## МИОДРАГ СТОШИЌ



(1981 - Белград, Србија)

Коавтор на книгата со прикази
„Танго на тротоарот“
Добитник на ВИБ-овата награда 2008
Награда „Перо Стојановиќ Туман“
за ТВ-драма.
Уредник и дел од сценарискиот тим во „Шоу на Иван Ивановиќ“.
Основач на стенд-ап кабарето „Грбави танга“.
Претставен во неколку антологии на Балканот.
Живее и работи во Белград (Србија)

Политичарите на Балканот се делат на две групи.
ОВИЕ што крадат и ОНИЕ кои крадат.

Мојата жена е празник за очи.
А јас на празник не сакам да работам.

Балканците се на врвот на листата
на најтолерантни народи на светот. Се колат за првото место.

Не ме примија на факултет поради годините.
Велат дека ваква будала немаат видено со години.

На Србите сексот не им е исто што и храната.
Сексот можат да си го дозволат три пати дневно.

Се бара опасен лудак.
Конкурсот во министерството отворен е до крајот на месецот.

## РИСТО ФИЛЧЕВСКИ



(1950- год.)

Објавено:
Афоризми и рими (1994)
Книги со две лица (1996)
Пополнета празнина (2010 –коавторска книга)
Претставен во неколку антологии на Балканот.
Добитник на бројни награди
во земјата и странство.
Живее и работи во Струмица.

Не знаеме што да пееме. Лидерот ни е труба.

Најчесто не зацрвенуваат оние кои гледаат – бело.

Постојано повторувам: Оче наш... А тој да ми ти бил нивни!

Сите одиме исправено, но некои напредуваат ползејќи.

Добро не насамарија. Ни завидуваат дури и магарињата.

Ни ја погодија ерогената зона.
Сите сакаат да свршиме во Европа.

Не бараме љубов од политичарите,
ама сакаме да не задоволат.